РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВЕЛЕС
Бр. 25-39/1
02.01.2020 год.
ВЕЛЕС

До Уставен суд

Кеј „Димитар Влахов“ бр.19

1000, Скопје

Почитувани,

Врз основа на дописот од Ваша страна, во однос на наводите содржани во иницијативата за поведување постапка за оцена на уставноста и законитоста на **Заклучокот за донесување мерки за контрола на загадувањето на амбиенталниот воздуход страна на индустриските капацитети во општина Велес**, Ви доставувам мислење , како подносител на Заклучоците и Претседател на Советот на општина Велес.

1. Правото на чиста и здрава околина(со тоа и чист воздух) е УСТАВНО загарантирано право на секој човек во Р.С. Македонија
2. Општина Велес и локалниот Инспектор за животна срединма е надлежен за следење на индустриските инсталации кои имаат т.н. Б-интегрирана дозвола за работа, односно државниот инспекторат(МЖСПП) не врши контрола врз нивната работа. Со тоа околу член 1 од Законот за квалитет на амбиенталниот воздух(Службен весник на РМ бр.67/04, 92/07, 35/10, 47/11, 59/12, 163/13, 10/15, 146/15) орган кој е надлежен за контрола на работите во областа на животната средина е токму локалниот инспекторат. Ова се потврдува и во член 65 од Законот за квалитет на амбиенталниот воздух

Член 65

Надлежни органи

(3) За работите од надлежност на општините и градот Скопје утврдени со овој закон, инспекциски надзор над примената и спроведувањето

на овој закон го вршат овластени инспектори за животна средина на општините и овластени инспектори за животна средина на градот Скопје.

Локалниот инспекторат има и свој делокруг на надлежности

Член 68

Делокруг на овластени инспектори за животна средина

(1) За вршење на инспекциски надзорот од својот делокруг овластениот инспектор за животна средина на општината и овластениот инспектор за животна средина на градот Скопје (во натамошниот текст: овла-стен инспектор за животна средина ) има право да:

1) врши увид дали се исполнети условите за заштита и подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух содржани во Б интегрираната еколошка дозвола (член 55), односно дозволата за усогласување со оперативниот план (член 56);

2) врши контрола и увид дали има инсталирано и дали се одржуваат во исправна состојба мерните инструменти за следење на емисиите (член 45 став (1) точка 1);

3) утврди дали е запазена процедурата за начинот и честотата на мерења на емисиите, односно пресметување на количината на емисии и начинот на водењето на дневник (член 45 став (1) точка 2);

4) утврди дали се доставуваат податоци од емисиите до надлежниот орган (член 45 став (2));

3. Точно е дека врз основа на член 37 од Законот за квалитет на амбиенталниот воздух, Владата на Р.С.Македонија воспоставува државна мрежа за мониторинг на квалитетот на амбиенталниот воздух, но во член 39 се дава можост за поставување и на локални мрежи

-

-

**Член 39**

Локални мрежи За мерење и следење на загадувањето на амбиентниот воздух во населбите и индустриските подрачја општините и градот Скопје можат по претходно добиено претходно мислење од надлежен орган за вршење на стручни работи од областа на животната средина, под услови и начин уредени со овој закон, да воспостават локални мрежи.

Имено,

- Државната мерна станица е на локација која е е одредена поради следење на загадувањето од некогашната Топилница, која не работи вече 17 години и го следи загадувањето во нејзината микрооколина.
- Истата не го следи загадувањето од другите индустриски капацитети
- Податоците кои се добиваат за квалитетот на амбиенталниот воздух се нецелосни, не може да се следи состојбата со загадувањето на животната средина од индустриските објекти, ниту од страна на локалната, ниту од страна на државниот инспекторат.

4. Во Член 45 од Законот за квалитет на амбиенталниот воздух

Мониторинг на емисии од стационарни извори

(1) Правните и физичките лица сопственици, односно корисници на определени инсталации кои се извор на емисии на загадувачки супстанции во амбиентниот воздух се должни да: 1) инсталираат и да одржуваат во исправна состојба мерни инструменти за следење на емисиите на местото на изворот и

2) обезбедат редовно следење, мерење и обработка на податоците на емисиите од изворот на загадувањето и за тоа да водат дневник.

Во Член 47

Мониторинг на квалитетот на амбиентниот воздух и изворите на емисии од определени поединечни стационарни извори

(1) Правните и физичките лица сопственици, односно корисници на определени инсталации кои се извор на емисии на загадувачки супстанции во амбиентниот воздух, а кои не се опфатени со државната и/или локалните мрежи за мониторинг, се должни да изградат систем за следење на изворот на емисии и контрола на квалитетот на амбиентниот воздух како и да постават во најблиската станбена зона која се наоѓа во правецот на ветерот најмалку една мерна станица за квалитетот на амбиентниот воздух согласно со интегрираната еколошка дозвола.

**Ниту еден извор на емисии(индустриските капацитети кои не се дел од државната, ниту локалната мрежа на мониторинг) НЕМА изградено систем за следење на изворот на емисии и контрола на квалитетот на амбиенталниот воздух, ниту во својот објект, ниту во најблиската стамбена зона. Со тоа инспекторатот, кој е надлежен за контрола на нивната работа НЕ ГО СПРОВЕДУВА Законот.**

(2) Лицата од ставот (1) на овој член следењето и мерењето можат да го вршат преку сопствени служби или преку научни и стручни организации или други правни лица, доколку се акредитирани за вршење на мониторинг на квалитетот на амбиентниот воздух, во согласност со овој закон и друг закон.

(3) Правните и физичките лица кои управуваат со согорувачки инсталации се должни своите дејности и активности да ги спроведуваат на начин со кој ќе се обезбедат мерки за заштита на амбиентниот воздух од загадување, преку намалување на емисиите на одделните загадувачки супстанции во воздухот, планирање на мерките што треба да ги превземат, како и спроведување на методите за мерење на емисиите.

**Токму затоа, во точка 1 од Заклучокот во мерките намалување на аеро-загадувањето во општина Велес, им се УКАЖУВА на операторите(индустриските инсталации) ДА ИНСТАЛИРААТ мониторинг апаерати, на Б-инсталациите кои се територијата на општина Велес, а за чие следење е задолжен ЛОКАЛНИОТ ИНСПЕКТОРАТ.**

**Доколку самите инсталации НЕ ПОСТАВАТ мерни станици, во точка 2 и 3 се задолжува општина Велес да постави локални мерни станици.**

**Со оглед на фактот дека Б-инсталациите се под контрола на општина Велес, а тие немаат поставено мерни станици, ниту пак државниот апарат ги контролира, сметаме дека ЧЛЕН 39 од Законот за контрола на амбиеталниот воздух, ни дава можност да поставиме ЛОКАЛНА МРЕЖА, што веќе е воспоставено од ЕЛС во Битла, Кавадарци и други општини во државата.**

5. Во однос на заклучокот 4, СЕ ЗАДОЛЖУВА ОПШТИНА ВЕЛЕС ДА КРЕИРА ВЕБ СТРАНА НА КОЈА ИЗМЕРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ ОД СЕКОЈ СУБЈЕКТ ЌЕ БИДАТ ЈАВНО ДОСТАПНИ, е донесен врз основа на Член 51 од Законот за контрола амбиенталчниот воздух:

   Пристап до информации

   (1) Податоците и информациите од информативниот систем за квалитетот на амбиентниот воздух се информации достапни за јавноста.

   Оправдувањето на тужителот дека само МЖСПП има законска должност да обезбедува информации, се спротивни на Законот, затоа што во став 2 јасно се дава можност и

   (2) **Надлежните органи и други правни лица** кои што имаат податоци и информации за квалитетот на амбиентниот воздух

се должни да обезбедат пристап на јавноста до податоците и информациите, во пропишана форма, на начин и постапка утврдени во согласност со Законот за животната средина и друг закон.

6. Во однос на мислењето од МЖСПП од 29.10.2019 се дава препорака да не се инсталират непроверени мерни станици, за да не се создава паника кај граѓаните, што се совпаѓа со ставот на Советот дека треба да се инсталираат ЛОКАЛНИ МЕРНИ станици сертифицирани во ЕУ, кои веќе се користат во земјите-членки на ЕУ. Целта не е да се создава паника, туку да се следи емисијата и евентуралните надминувања на МДК од страна на индустриските објекти.

Заклучок

Во општина Велес НЕМА соодветен систем за следење на аеро-загадувањето и емисијата од индустриските објекти. Надлежниот локален инспекторат НЕМА УВИД ВО ЕМИСИЈАТА НА ШТЕТНИ ГАСОВИ ОД страна на индустриските капацитети, поради немањето на мерни станици. Со тоа нема можност да се спроведува законот и во пракса НЕ СЕ ПОЧИТУВА Законот за квалитет на амбиенталниот воздух на Р.С.Македонија.

Затоа, сметам дека Уставниот Суд треба да ја отфрли иницијативата на Градоначалникот на општина Велес за поништување на Заклучокот за донесување мерки за контрола на аеро-загадувањето од страна на индустриските капацитети во општина Велес 25-5658/23 од 05.11.2018 и да се задолжи Градоначалникот да ги спроведе донесените мнерки, во одреден рок, со цел заштита контрола на емисиите од индустриските субјекти, почитување на Законот за заштита на амбиенталниот воздух и заштите на здравјето на жителите на општина Велес, а локалниот овластен Инспектор доследно да го спроведува Законот за заштита на амбиенталниот воздух.

Во прилог доставуваме:

- Одлука на СОВ со Заклучоци за мерки за контрола на загадувањето на маабиенталкнот воздух од страна на индустрските капашцитети во општина Велес.
- Понуда за сертифицирани мерни станици AIRLY

Претседател

на Совет на општина Велес,

Ненад Коциќ

УСТАВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

*ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР*

У Бр. 150/19

Скопје 18-12-2019

До

**СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ВЕЛЕС**

**- Велес**

| РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ВЕЛЕС | | | |
|---|---|---|---|
| Примено: 23.12.2019 | | | |
| Орг.Един. | Број: | Предмет: | Вредност: |
| 25 | 3806 | 5 | |

**Предмет:** Барање на мислење

До Уставниот суд на Република Северна Македонија е поднесена иницијатива за оценување на уставноста на Заклучокот за донесување мерки за контрола на загадувањето на амбиенталниот воздух од страна на индустриските капацитети во Општина Велес бр.25-5658/23 од 05.11.2018 година.

За натамошно постапување по иницијативата потребно е во рок од 15 дена по приемот на ова писмо да доставите мислење по однос на наводите содржани во иницијативата, како и да ни ја доставите целокупната документација во врска со актот, како и оспорениот акт.

**Прилог:** иницијатива

**Александар Лазов**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА Уставен суд на Република Македонија СКОПЈЕ

*Кеј "Димитар Влахов" бр.19, 1000 Скопје. Тел: +389 2 3165 153, Факс: +389 2 3119 355*
*e-mail: mail@ustavensud.mk*

ОПШТИНА ВЕЛЕС
MUNICIPALITY OF VELES

Република Северна Македонија
Градоначалник на Општина Велес
бр.08-3806/2
15.10.2019 година
Велес

До
Уставен суд
Кеј Димитар Влахов бр.19
Скопје

Почитувани,

Советот на Општина Велес на 22-та седница одржана на 02.11.2018 година донесе Заклучокот за донесување мерки за контрола на аеро-загадувањето од страна на индустриските капацитети во Општина Велес бр. 25-5658/23 од 05.11.2018 год.

Во Заклучокот за донесување на мерки за контрола на загадувањето на амбиентниот воздух од страна на индустриските капацитети во Општина Велес утврдени се мерки со кои ќе се следи квалитетот на амбиентниот воздух во непосредна близина на инсталацијата. Мониторингот на квалитет на амбиентниот воздух е регулиран со Законот за квалитет на амбиентниот воздух и подзаконските акти. Методологијата за мониторинг на квалитет на амбиентниот воздух (Службен весник на РМ бр. 138/09) ги утврдува начинот, условите и постапката за воспоставување и работење на сите мрежи на мониторинг на квалитетот на амбиентниот воздух и методологијата за доставување на информациите и податоците од мониторингот, критериумите за избор на мерни места за сите извори на загадување на амбиентниот воздух. Заради дополнителна оценка на квалитетот на воздухот дозволено е да се постават и индикативни мерни места со бројни услови кои треба да се исполнат и тоа во однос на заштита од атмосферски електрични празнења, стабилен напон, ГСМ приклучок, обезбедување на систем за греење и ладење, осигурување на опремата, опремување на фиксните мерни места со опрема за собирање, складирање, обработка и пренос на податоците.

Согласно донесениот заклучокот им се укажува на операторите на инсталациите да инсталираат мониторинг апарати. Б-инсталациите кои се на територијата на општината поседуваат еколошки дозволи. Во истите е утврден начинот и фреквенцијата на вршење на мониторинг. Мониторингот го извршуваат акредитирани лаборатории, а извештаите се доставуваат до надлежната служба во општината. Интерен мониторнг инсталациите може да вршат исклучиво во согласност со закон и со задолжување во интегрираната еколошка дозвола. Доколку постојат индиции или сознанија за нарушување на квалитетот на амбиентниот воздух од нивната работа, во законски утврдена постапка може да се изврши вонреден мониторинг од страна на избрана акредитирана лабораторија за потребите на општината.

Советот на Општина Велес ја задолжува Општина Велес да инсталира мерни апарати доколу инсталациите не го сторат тоа и да се грижи за нивната функционалност и безбедност. Согласно Правилникот за поблиските услови за вршење на определени стручни работи, во поглед на опремата, уредите, инструментите и соодветните деловни простории кои треба да ги исполнуваат субјектите кои вршат опредлени стручни работи за мониторинг на квалитетот на амбинетниот воздух (Службен весник на РМ бр. 69/11), за ваков вид на опрема потребно е да се обезбедат соодветни стандарди, односно да се обезбеди доказ за демонстрација на еквивалентност на добиените податоци со податоците добиени со стандардите на опремата наведена во прилог на правилникот.

**ОПШТИНА ВЕЛЕС**
**MUNICIPALITY OF VELES**

Исто така Општина Велес се задолжува да креира веб страна на која измерените резултати од секој субјект ќе бидат јавно достапни. Согласно Правилникот за содржината и начинот на преносот на податоците и информациите за состојбите во управувањето со квалитетот на амбиентниот воздух (Службен весник на РМ бр. 138/09), Министерството за животна средина и просторно планирање има законска должност да обезбедува навремено и соодветно информирање за квалитетот на амбиентниот воздух.

Општината е институција која работи исклучиво и во согласност со закон. Поставување на мерни инструменти кои нема да дадат валидизирани податоци, ќе ја збунат јавноста која е многу сензитивна на тема загадување на животната средина ќе го доведе во прашање интегритетот и законското работење на општината.

Во прилог Ви доставувам:

- Заклучок за донесување мерки за контрола на загадувањето на амбиенталниот воздух од страна на индустриските капацитети бр. 25-5658/23
- Решение за запирање од објавување на Заклучокот за донесување мерки за контрола на аеро-загадувањето од страна на индустриските капацитети во општина Велес бр.08-5680/21
- Заклучок за неусвијување на Решение за запирање од објавување на Заклучокот за донесување мерки за контрола на аеро-загадувањето од страна на индустриските капацитети во општина Велес
- Бр. 25-5853/24
- Заклучок за не усвојување на Решение за запирање од објавување на Заклучокот за донесување мерки за контрола на аеро-загадувањето од страна на индустриските капацитети во општина Велес бр. 08-5929/24
- Иницијатива за поведување на постапка за оцена на уставноста и законитоста на Заклучокот за донесување мерки за контрола на загадувањето на амбиенталниот воздух од страна на индустриските капацитети во општина Велес бр. 08-6203/1

Согласно горе неведеното Општината поведе Иницијатива за поведување на постапка за оцена на уставноста и законитоста на Заклучоците за донесување мерки за контрола на загадувањето на амбиенталниот воздух од страна на индустриските капацитети во Општина Велес, која беше доставена во декември 2018година.

Но поради неуредна пошта, Општина Велес до Вас достави Ургенција (бр.25-3573/1 од 18.09.2019год.) за постапување, за која бевме известени од Вас, дека таков предмет не е формиран во Уставн суд.

Затоа до Вас ја доставуваме изготвената Иницијатива и сите документи горе неведени.

Со почит,

Градоначалник
на Општина Велес,
Аце Коцевски

ОПШТИНА ВЕЛЕС
MUNICIPALITY OF VELES

Република Македонија
Општина Велес
бр.08-6263/1
05.12.2018 година
Велес

До
Уставен суд
на Република Македонија
С к о п ј е

# И Н И Ц И Ј А Т И В А

за поведување постапка за оцена на уставноста и законитоста на Заклучокот за донесување мерки за контрола на загадувањето на амбиенталниот воздух од страна на индустриските капацитети во Општина Велес

Подносител: Аце Коцевски – Градоначалник на Општина Велес, со седиште на ул. „Панко Брашнар" бр. 1, Велес.

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 02.11.2018 донесе Заклучок за донесување мерки за контрола на загадувањето на амбиенталниот воздух од страна на индустриските капацитети во Општина Велес, бр. 25-5658/23 од 05.11.2018 година

Доказ: Решение бр. 25-5658/23

Градоначалникот на Општина Велес, смета дека донесувањето на овој Заклучок не е во согласност со материјалните законските прописи.

Согласно овластувањата за вршење контрола на законитоста на прописите пред нивното објавување од член 51, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ" бр. 5/02), Градоначалникот донесе Решение за запирање од објавување на Заклучокот за донесување мерки за контрола на аеро-загадувањето од страна на индустриските капацитети во Општина Велес бр. 08-5680/21 од 06.11.2018 година.
Доказ: Решение бр. 08-5680/21

Во донесениот Заклучок за донесување мерки за контрола на аеро-загадувањето од страна на индустриските капацитети во Општина Велес согласно точка 1 од заклучокот им се укажува на операторите на инсталациите да инсталираат мониторинг апарати. Б-инсталациите кои се на територијата на општината поседуваат еколошки дозволи. Во истите е утврден начинот и фреквенцијата на вршење на мониторинг. Мониторингот го извршуваат акредитирани лаборатории, а извештаите се доставуваат до надлежната служба во општината. Интерен мониторнг инсталациите може да вршат исклучиво во согласност со закон и со задолжување во интегрираната еколошка дозвола. Доколку постојат индиции или сознанија за нарушување на квалитетот на амбиентниот воздух од нивната работа, во законски утврдена постапка може да се изврши вонреден мониторинг од страна на избрана акредитирана лабораторија за потребите на општината.

Советот на Општина Велес во точките 2 и 3 од Заклучокот ја задолжува Општина Велес да инсталира мерни апарати доколу инсталациите не го сторат тоа и да се грижи за нивната функционалност и безбедност.

Согласно Правилникот за поблиските услови за вршење на определени стручни работи, во поглед на опремата, уредите, инструментите и соодветните деловни простории кои треба да ги исполнуваат субјектите кои вршат опредлени стручни работи за мониторинг на квалитетот на амбинетниот воздух (Службен весник на РМ бр. 69/11), за ваков вид на опрема потребно е да се обезбедат соодветни стандарди, односно да се обезбеди доказ за демонстрација на еквивалентност на добиените податоци со податоците добиени со стандардите на опремата наведена во прилог на правилникот.

Во точка 4 од Заклучокот Општина Велес се задолжува да креира веб страна на која измерените резултати од секој субјект ќе бидат јавно достапни. Согласно Правилникот за содржината и начинот на преносот на податоците и информациите за состојбите во управувањето со квалитетот на амбиентниот воздух (Службен весник на РМ бр. 138/09), Министерството за животна средина и просторно планирање има законска должност да обезбедува навремено и соодветно информирање за квалитетот на амбиентниот воздух.

СОВ на седницата одржана на ден 15.11.2018 година го потвртува веќе донесениот пропис Заклучок за донесување мерки за контрола на аеро-загадувањето од страна на индустриските капацитети во Општина Велес 25-5658/23 со неусвојување на донесеното Решение за запирање од објавување на Заклучокот за донесување мерки за контрола на аеро-загадувањето од страна на индустриските капацитети во Општина Велес бр.25-5853/24 од 15.11.2018 година

По ова извршив објавување на прописот од СОВ од 23 – та седница одржана на ден 15.11.2018 година, согласно член 51, став 3 од Законот за локалната самоуправа, во „Службен гласник" на Општина Велес бр.19/18 од 20.11.2018 година.

Истовремено поднесувам иницијатива пред уставниот суд на Република Македонија, за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на оспорениот Заклучок.

Доказ: - Заклучок за неусвојување на Решение за запирање од објавување на Заклучокот за донесување мерки за контрола на аеро-загадувањето од страна на индустриските капацитети во Општина Велес бр.25-5853/24 од 15.11.2018 година

- Заклучок за објавување на Заклучокот за неусвојување на Решението за запирање од објавување на Заклучокот за донесување мерки за контрола на аеро-загадувањето од страна на индустриските капацитети во Општина Велес бр.08-5929/24 од 20.11.2018 година
- „Службен гласник" на Општина Велес бр.19/18 од 20.11.2018 година"

Врз основа на сето погоре изнесено, согласно член 110 и 112 од Уставот на Република Македонија и член 70 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија („Сл. Весник на РМ" бр. 70/1992 година), Градоначалникот на Општина Велес предлага Уставниот суд на Република Македонија по разгледувањето на оваа иницијатива и оцена на предложените докази, да ја донесе следната

**ОПШТИНА ВЕЛЕС**
**MUNICIPALITY OF VELES**

---

# О Д Л У К А

1. СЕ ПОНИШТУВА Заклучок за донесување мерки за контрола на аеро-загадувањето од страна на индустриските капацитети во Општина Велес 25-5658/23 од 05.11.2018 година

2. СЕ СТАВА НАДВОР ОД СИЛА извршувањето на поединечните акти или дејствија што се донесени, односно преземени по Заклучокот.

3. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Дополнително барање:

Со донесување на Заклучокот за донесување мерки за контрола на аеро-загадувањето од страна на индустриските капацитети во Општина Велес 25-5658/23 од 05.11.2018 година, барам Уставниот суд на Република Македонија да го запре од извршување спорниот Заклучок на Советот на Општина Велес.

Доставено до:
- Насловот
- Министерство за ЛС
- Оддел. за правни и оп. раб.
- Архива.

Градоначалник
на Општина Велес
Аце Коцевски

Изработил:
Одобрил:

оригиналот го доставуваме до совет [illegible] до У. суд
15.10.2019

3. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Бр. 25-5853/23
15.11.2018 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
м-р Душко Петров с.р

Врз основа на член 28, став 3 од Законот за средното образование („Службен весник на РМ" бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Сл. весник на РМ" бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр. 12/06, 03/09, 18/10, 15/14 и 15/18),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 02.11.2018 година донесе,

**РЕШЕНИЕ**
**за давање согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици на ОСУ „Јовче Тесличков" Велес**

1. Со ова Решение се дава согласност на ОСУ „Јовче Тесличков" Велес да формира четири паралелки со помал број на ученици во прва година од законски предвидениот минимум за учебната 2018/2019 година и тоа:

1) прва година
- 2 паралелки од профилот - Економски техничар;
- 1 паралелка од профилот - Деловен секретар;
- 1 паралелка од профилот - Банкарски техничар;
- 1 паралелка од профилот – Продавач-референт за продажни услуги

2. Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-5658/20
05.11.2018 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
м-р Душко Петров с.р

Бр.326

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09 18/10, 15/14 и 15/18)

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на Заклучок за не усвојување на Решение за запирање од објавување на Заклучокот за донесување мерки за контрола на аеро-загадувањето од страна на индустриските капацитети во Општина Велес**

Се објавува Заклучокот за не усвојувањ[е] на Решение за запирање од објавување н[а] Заклучокот за донесување мерки за контрола н[а] аеро-загадувањето од страна на индустриските капацитети во Општина Велес, што Советот н[а] Општина Велес го донесе на седницата одржан[а] на 15.11.2018 година.

Број 08-5929/24
20.11.2018 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИ[К]
на Општина Веле[с]
Аце Коцевски с.[р]

Врз основа на член 36, став 1, точка 15, [а] во согласност до член 51, став 2 од Законот з[а] локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 45, став 1 од Статутот н[а] Општина Велес („Службен гласник на Општин[а] Велес" бр. 12/06, 03/09, 18/10, 15/14 и 15/18),

Советот на Општина Велес на седницат[а] одржана на 15.11.2018 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за не усвојување на Решение за запирање о[д] објавување на Заклучокот за донесување мерки за контрола на аеро-загадувањето о[д] страна на индустриските капацитети во Општина Велес**

1. Советот на Општина Велес не го усво[јува] Решение за запирање од објавување н[а] Заклучокот за донесување мерки за контрола н[а] аеро-загадувањето од страна на индустриски[те] капацитети во Општина Велес, донесено о[д] Градоначалникот на Општина Велес бр. 0[8]-5680/21 од 06.11.2018 година („Службен гласни[к] на Општина Велес" бр. 18/18).

2. Се потврдува Заклучокот за донесување мерки за контрола на аерозагадувањето од страна на индустриските капацитети во Општина Велес бр. 25-5658/23 од 05.11.2018 год донесено од Советот на Општина Велес.

3. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Бр. 25-5853/24
15.11.2018 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
м-р Душко Петров с.р

Врз основа на член 26 од Законот за квалитетот на амбиентниот воздух („Службен Весник на РМ" бр. 67/04, 92/07, 35/10, 47/11, 59/12, 100/12, 04/13, 10/15 и 146/15), член 22, став 2 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ" бр. 05/02), а согласно член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09,18/10, 15/14 и 15/18),

**ЗАКЛУЧОК**
**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ МЕРКИ ЗА КОНТРОЛА НА ЗАГАДУВАЊЕТО НА АМБИЕНТНИОТ ВОЗДУХ ОД СТРАНА НА ИНДУСТРИСКИТЕ КАПАЦИТЕТИ ВО ОПШТИНА ВЕЛЕС**

1.Општина Велес им укажува на операторите на Б-инсталациите за кои има индиции дека вршат влијанија врз квалитетот на амбиентниот воздух на територијата на Општина Велес, во рок од еден месец да инсталираат мониторинг апарати за континиурано мерење на имисијата на суспендирани честички помали од 10 микрони (ПМ10) во амбиентниот воздух.

2. Доколку операторите не инсталираат мерни апарати се задожува Општина Велес да инсталира мерни апарати во нивната непосредна околина, како и да се грижи за нивна безбедност и функционирање.

3.А-инсталциите кои не се под надлежност на Општина Велес, туку под надлежност на Министерството за животна средина и просторно планирање да се информираат за мерката и да им се укаже на неопходноста да инсталираат апарати. Доколку тоа не го сторат, се задожува Општина Велес да инсталира мерни апарати во нивната непосредна околина и да се грижи за нивна безбедност и функционирање.

4.Се задолжува Општина Велес да креира веб страна на која измерените резултати од секој субјект ќе бидат јавно достапни.

5. Се задолжува Општина Велес да организира јавна расправа на која ќе ги образложи мерките.

Број 25-5658/23
05.11.2018 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
м-р Душко Петров с.р

**Бр.327**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09 18/10, 15/14 и 15/18)

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на Заклучок за усвојување на Решение за запирање од објавување на Решението за давање согласност на Одлуката за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП „Дервен"- Велес за период од 2018-2020 година**

Се објавува Заклучокот за усвојување на Решение за запирање од објавување на Решението за давање согласност на Одлуката за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП „Дервен" Велес за период од 2018-2020 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 15.11.2018 година.

Број 08-5929/25
20.11.2018 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р

Врз основа на член 36, став 1 , точка 15 а во согласност до член 51, став 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр. 12/06, 03/09, 18/10, 15/14 и 15/18),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 15.11.2018 година, донесе

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 18/10, 15/14 и 15/18)

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на Заклучок за не усвојување на Решение за запирање од објавување на Заклучокот за донесување мерки за контрола на аеро-загадувањето од страна на индустриските капацитети во Општина Велес**

Се објавува Заклучокот за не усвојување на Решение за запирање од објавување на Заклучокот за донесување мерки за контрола на аеро-загадувањето од страна на индустриските капацитети во Општина Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 15.11.2018 година.

Број 08-5929/24
20.11.2018 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Аце Коцевски

Врз основа на член 36, став 1 , точка 15, а во согласност до член 51, став 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 03/09, 18/10, 15/14 и 15/18),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 15.11.2018 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за не усвојување на Решение за запирање од објавување на Заклучокот за донесување мерки за контрола на аеро-загадувањето од страна на индустриските капацитети во Општина Велес**

1. Советот на Општина Велес не го усвои Решение за запирање од објавување на Заклучокот за донесување мерки за контрола на аеро-загадувањето од страна на индустриските капацитети во Општина Велес, донесено од Градоначалникот на Општина Велес бр. 08-5680/21 од 06.11.2018 година („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 18/18).

2. Се потврдува Заклучокот за донесување мерки за контрола на аеро-загадувањето од страна на индустриските капацитети во Општина Велес бр. 25-5658/23 од 05.11.2018 год донесено од Советот на Општина Велес.

3. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Бр. 25-5853/24
15.11.2018 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
м-р Душко Петров

Доставено до:
- Градоначалник;
- Одделение за урбанизам и заштита на животната средина;
- Одделение за финансиски прашања;
- Списи и архива;

Врз основа на член 51 од Законот за локалната самоуправа ("Сл. весник на РМ" бр. 5/02) и член 27, став 1 од Статутот на Општина Велес ("Сл. гласник на Општина Велес бр. 12/06, 03/09, 18/10, 15/14 и 15/18),

Градоначалникот на Општина Велес на ден 06.11.2018 година, донесе

# РЕШЕНИЕ
## за запирање од објавување на Заклучокот за донесување мерки за контрола на аеро-загадувањето од страна на индустриските капацитети во Општина Велес

Се запира од објавување Заклучокот за донесување мерки за контрола на аеро-загадувањето од страна на индустриските капацитети во Општина Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 02.11.2018 година.

Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

## Образложение

Советот на Општина Велес на 22-та седница одржана на 02.11.2018 година донесе Заклучокот за донесување мерки за контрола на аеро-загадувањето од страна на индустриските капацитети во Општина Велес бр. 25-5658/23 од 05.11.2018 год. Од страна на Претседателот на Советот на ден 06.11.2018 година беше доставен прописот до Градоначалникот на Општина Велес за објавување.

Во Заклучокот за донесување на мерки за контрола на загадувањето на амбиентниот воздух од страна на индустриските капацитети во Општина Велес утврдени се мерки со кои ќе се следи квалитетот на амбиентниот воздух во непосредна близина на инсталацијата. Мониторингот на квалитет на амбиентниот воздух е регулиран со Законот за квалитет на амбиентниот воздух и подзаконските акти. Методологијата за мониторинг на квалитет на амбиентниот воздух (Службен весник на РМ бр. 138/09) ги утврдува начинот, условите и постапката за воспоставување и работење на сите мрежи на мониторинг на квалитетот на амбиентниот воздух и методологијата за доставување на информациите и податоците од мониторингот, критериумите за избор на мерни места за сите извори на загадување на амбиентниот воздух. Заради дополнителна оценка на квалитетот на воздухот дозволено е да се постават и индикативни мерни места со бројни услови кои треба да се исполнат и тоа во однос на заштита од атмосферски електрични празнења, стабилен напон, ГСМ приклучок, обезбедување на систем за греење и ладење, осигурување на опремата, опремување на фиксните мерни места со опрема за собирање, складирање, обработка и пренос на податоците.

Согласно точка 1 од заклучокот им се укажува на операторите на инсталациите да инсталираат мониторинг апарати. Б-инсталациите кои се на територијата на општината поседуваат еколошки дозволи. Во истите е утврден начинот и фреквенцијата на вршење на мониторинг. Мониторингот го извршуваат акредитирани лаборатории, а извештаите се доставуваат до надлежната служба во општината. Интерен мониторнг инсталациите може да вршат исклучиво во согласност со закон и со задолжување во интегрираната еколошка дозвола. Доколку постојат индиции или сознанија за нарушување на квалитетот на амбиентниот воздух од нивната работа, во законски утврдена постапка може да се изврши вонреден мониторинг од страна на избрана акредитирана лабораторија за потребите на општината.

Советот на Општина Велес во точките 2 и 3 од Заклучокот ја задолжува Општина Велес да инсталира мерни апарати доколу инсталациите не го сторат тоа и да се грижи за нивната функционалност и безбедност.

Согласно Правилникот за поблиските услови за вршење на определени стручни работи, во поглед на опремата, уредите, инструментите и соодветните деловни простории кои треба да ги исполнуваат субјектите кои вршат опредлени стручни работи за мониторинг на квалитетот на амбинетниот воздух (Службен весник на РМ бр. 69/11), за ваков вид на опрема потребно е да се обезбедат соодветни стандарди, односно да се обезбеди доказ за демонстрација на еквивалентност на добиените податоци со податоците добиени со стандардите на опремата наведена во прилог на правилникот.

преносот на податоците и информациите за состојбите во управувањето со квалитетот на [амб]иентниот воздух (Службен весник на РМ бр. 138/09), Министерството за животна средина и [пр]осторно планирање има законска должност да обезбедува навремено и соодветно информирање [з]а квалитетот на амбиентниот воздух.

Општината е институција која работи исклучиво и во согласност со закон. Поставување на мерни инструменти кои нема да дадат валидизирани податоци, ќе ја збунат јавноста која е многу сензитивна на тема загадување на животната средина ќе го доведе во прашање интегритетот и законското работење на општината.

Овие премногу сериозни законски обврски споредени со мерките кои се наведени во Заклучокот ми даваат за право да го оспорам овој заклучок.

Врз основа на горе наведеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Број 08-5680/21
06.11.2018 година
В е л е с

Доставено до:
-Претседателот на
Советот на Општина Велес
-Комисија за Статут и прописи
-Списи и архива.

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски

Врз основа на член 26 од Законот за квалитетот на амбиентниот воздух („Службен Весн РМ" бр. 67/04, 92/07, 35/10, 47/11, 59/12, 100/12, 04/13, 10/15 и 146/15), член 22, став 2 од Закон локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02), а согласно член 45, став 1 од Статут Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09,18/10, 15/14 и 15/18),

**ЗАКЛУЧОК**

**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ МЕРКИ ЗА КОНТРОЛА НА ЗАГАДУВАЊЕТО НА АМБИЕНТНИОТ ВОЗДУХ ОД СТРАНА НА ИНДУСТРИСКИТЕ КАПАЦИТ ВО ОПШТИНА ВЕЛЕС**

1. Општина Велес им укажува на операторите на Б-инсталациите за кои има индиции дека в влијанија врз квалитетот на амбиентниот воздух на територијата на Општина Велес, во р еден месец да инсталираат мониторинг апарати за континиурано мерење на имисијат суспендирани честички помали од 10 микрони (ПМ10) во амбиентниот воздух.
2. Доколку операторите не инсталираат мерни апарати се задожува Општина Велес да инста мерни апарати во нивната непосредна околина, како и да се грижи за нивна безбедно функционирање.
3. А-инсталциите кои не се под надлежност на Општина Велес, туку под надлежнос Министерството за животна средина и просторно планирање да се информираат за мерка да им се укаже на неопходноста да инсталираат апарати. Доколку тоа не го сторат, се задо Општина Велес да инсталира мерни апарати во нивната непосредна околина и да се гриж нивна безбедност и функционирање.
4. Се задолжува Општина Велес да креира веб страна на која измерените резултати од субјект ќе бидат јавно достапни.
5. Се задолжува Општина Велес да организира јавна расправа на која ќе ги образложи мерките

Број 25-5658/23
05.11.2018 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
м-р Душко Петров

Доставено до:
- Градоначалник;
- Одделение за урбанизам и заштита на животната средина;
- Одделение за финансиски прашања;
- Списи и архива;

Врз основа на член 26 од Законот за квалитетот на амбиентниот воздух („Службен Весник на РМ" бр. 67/04, 92/07, 35/10, 47/11, 59/12, 100/12, 04/13, 10/15 и 146/15), член 22, став 2 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02), а согласно член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09,18/10, 15/14 и 15/18),

Како предлагач до Советот на Општина Велес на предлог мерките од точка 23. Предлог-мерки за контрола на аеро-загадувањето од страна на индустриските капацитети во Општина Велес на Советот на Општина Велес му предлагам да го донесе следниот:

**ЗАКЛУЧОК**

**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ МЕРКИ ЗА КОНТРОЛА НА ЗАГАДУВАЊЕТО НА АМБИЕНТНИОТ ВОЗДУХ ОД СТРАНА НА ИНДУСТРИСКИТЕ КАПАЦИТЕТИ ВО ОПШТИНА ВЕЛЕС**

1. Општина Велес им укажува на операторите на Б-инсталациите за кои има индиции дека вршат влијанија врз квалитетот на амбиентниот воздух на територијата на Општина Велес, во рок од еден месец да инсталираат мониторинг апарати за континиурано мерење на имисијата на суспендирани честички помали од 10 микрони (ПМ10) во амбиентниот воздух.
2. Доколку операторите не инсталираат мерни апарати се задожува Општина Велес да инсталира мерни апарати во нивната непосредна околина, како и да се грижи за нивна безбедност и функционирање.
3. А-инсталциите кои не се под надлежност на Општина Велес, туку под надлежност на Министерството за животна средина и просторно планирање да се информираат за мерката и да им се укаже на неопходноста да инсталираат апарати. Доколку тоа не го сторат, се задожува Општина Велес да инсталира мерни апарати во нивната непосредна околина и да се грижи за нивна безбедност и функционирање.
4. Се задолжува Општина Велес да креира веб страна на која измерените резултати од секој субјект ќе бидат јавно достапни.
5. Се задолжува Општина Велес да организира јавна расправа на која ќе ги образложи мерките.

Предлагач,

Ненад Коциќ-член на СОВ